РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АЛБАНСКИ ТЕАТАР
INSTITUCIONI NACIONAL TEATRI SHQIPTAR

Република Северна Македонија
Национална установа
**АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional
**TEATRI SHQIPTAR Shkup**

Бр.-Nr. 01-499/1
15.12. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на НУ Албански театар Скопје бр.0101-263/1 од 03.06.2015 година, а согласно член 77, 77-а, 77-б, 77-в, 77-г, 77-д, 77-ѓ, 77-е, 77-ж, 77-з и 77-ѕ од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија) бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр.265/24) , Управниот одбор на Национална установа АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА**
**ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ**
**за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоијата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас од НУ**
**АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоијата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас од НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје, -број 01-28/1 од 04.02.2021 година.

**Член 2**

Во член 1 по зборовите „на работните места за даватели на јавни услуги„ се додава „и помошно-технички лица„.

**Член 3**

По член 7-б се додава нов член 7- в кој гласи:
„Во постапката за селекција кандидатот помошно-техничко лице може да добие максимално 40 бодови.

Во фазата админситративна селекција се бодуваат образованието и работното искуство.

Кандидатот може да добие вкупно 10 бодови, од кои 0 до 5 бодови за формално образование и 0 до 5 бодови за работното искуство.

Во фазата на интервју се бодуваат прашања од општи работни компетенции и прашања од посебни работни компетенции.

Кандидатот може да добие вкупно 30 бодови, од кои 0 до 15 бодови за прашања од општите работни компетенции и 0 до 15 бодови за прашања од посебни работни компетенции.

**Член 7**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот дел на правилникот, се вршат измени и дополнувања и во Табеларниот преглед, кој е доставен како прилог на овој Правилник.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

УПРАВЕН ОДБОР
НА НУ АЛБАНСКИ ТЕАТАР
СКОПЈЕ

Вјолца Бектеши Хамити